# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 5.5.2020 година<br>Скопје<br>Број 10 год. XV | Претплатата за 2020 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |

www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


мај, 2020 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Заклучок, со Решение за објавување .......................................... 1 - 2

- Заклучок, со Решение за објавување .......................................... 3 - 4

- Одлука за избор на член во Одборот за соработка и доверба со јавност на Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, со Решение за објавување ............. 5 - 6

- Одлуката за дополнување на Одлуката за објавување конкурс за избор на проекти од областа на сценската уметност, со Репение за објавување ......................................................... 7 - 8

- Програма за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ......................................................................... 9 - 10

- Одлука за подигнување спомен-обележје на улица „9 Мај" на подрачјето на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .......................................................................... 11 – 13

- Одлука за давање согласност за преместување на скулптурата „Портрет на Крсте Петков Мисирков", со Решение за објавување .. 14 - 15

- Одлука за прифаќање донација од СИТИ ЦЕНТРАЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ, дооел Скопје, со Решение за објавување .......... 16 - 17

- Заклучок, со Решение за објавување .......................................... 18 - 19

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/52 од 13.3.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за период октомври-Декември 2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ................................ 20 - 21

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/55 од 13.3.2020 година за усвојување на Годишниот извештај за работењето во 2019 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со финансиски извештај (за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година), донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .................. 22 - 23

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/58 од 13.3.2020 година за усвојување на Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ....................................................................... 24 - 25

- Јавна објава ...................................................................... 26

- Јавна објава ...................................................................... 27

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот**

Се објавува Заклучокот,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година.

Бр. 09-1964/3
4.5.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година, по претресот и одлучувањето по Предлог-одлуката за подигнување спомен-обележје од локално значење на Горан Стефановски донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. На Одборот за подигнување на спомен-обележјето за Горан Стефановски му се укажува да постапи согласно член 24 од Законот за меморијални споменици и спомен-обележја и до Советот да достави соодветна инвестиционо-техничка документација за реализирање на Одлуката за подигнување спомен-обележје од локално значење на Горан Стефановски.

2. Овој Заклучок да се достави до Одборот за подигнување спомен-обележје за Горан Стефановски.

3. Заклучокот стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1964/2
4.5.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот**

Се објавува Заклучокот,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година.

Бр. 09-1964/5
4.5.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година, по претресот и одлучувањето по Предлог-одлуката за прифаќање донација од ОПЕН МАЈНД СОЛУШНС увоз-извоз ДОО Скопје за ИТ-платформа за солидарност, решение за поврзување на баратели и даватели на помош, донесе

## З А К Л У Ч О К

1. Поради немање доволно информации за податоците, особено за заштитата на податоците во сопственост на Општина Центар-Скопје и нереализираната соработка меѓу давателот на донацијата и Општината, Советот не ја прифати понудената донација.

2. Овој Заклучок да се достави до ОПЕН МАЈНД СОЛУШНС увоз-извоз ДОО Скопје.

3. Заклучокот стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1964/4
4.5.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за избор на член во Одборот за соработка и доверба со јавност на Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје**

Се објавува Одлуката за избор на член во Одборот за соработка и доверба со јавност на Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година.

Бр. 09-1964/7
4.5.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на член во Одборот за соработка и доверба со јавност на Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје**

**Член 1**

За член на Одборот за соработка и доверба со јавност на Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, се избира:

- Ружа Пачаџиева, член на Советот на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1964/6
4.5.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за објавување конкурс за избор на проекти од областа на сценската уметност**

Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за објавување конкурс за избор на проекти од областа на сценската уметност,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година.

Бр. 09-1964/9
4.5.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и точка 8.2 од Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2020 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 25/19), Советот на Општина Центар Скопје на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката**
**за објавување конкурс за избор на проекти**
**од областа на сценската уметност**

**Член 1**

Во Одлуката за објавување конкурс за избор на проекти од областа на сценската уметност член 3 се дополнува на следниов начин:

„За спроведување на конкурсната постапка за избор на проекти од локален интерес во областа на сценската уметност се формира Комисија во состав:

Претседател:
- Бојана Новаковиќ, член на Советот на Општина Центар-Скопје.
Членови:
- Јована Мирческа, член на Советот на Општина Центар-Скопје,
- Весна Михајлова Куковска, од редот на вработените,
- Цветко Грујоски, од редот на вработените и
- Благоја Варошанец, надворешен член.“

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1964/8
4.5.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје**

Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година.

Бр. 09-1964/11
4.5.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Во Програмата за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 4/16 и 1/19), точка 2 се дополнува со нова алинеја што гласи:

„-Спомен-обележје за одбележување на 75-годишнината од победата над фашизмот во Втората светска војна."

**Член 2**

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1964/10
4.5.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за подигнување спомен-обележје на улица „9 Мај“ на подрачје на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за подигање спомен обележје на улица „9 Мај“ на подрачје на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година.

Бр. 09-1964/13
4.5.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 18 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележја („Службен весник на РМ“ бр. 66/04; 89/08 и 152/15) и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за подигнување спомен-обележје на улица „9 Мај“ на подрачјето на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Заради одбележување на 75-годишнината од Победата над фашизмот во Втората светска војна да се подигне спомен-обележје на почетокот на улицата „9 Мај“, на дел од КП 13809/1 и дел од КП 13810/1, на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

Спомен-обележјето ќе го подигне Амбасадата на Руската Федерација во соработка со Општина Центар-Скопје.

Спомен-обележјето ќе биде изработено во гранит со спомен-плоча на предната страна и ќе биде поставено на фундамент.

Амбасадата на Руската Федерација ќе ги покрие трошоците поврзани со изработката на спомен-обележјето и со неговото поставување.

Општина Центар-Скопје ќе учествува со финансирање во уредувањето и во озеленувањето на просторот околу спомен-обележјето, како и негово чување и заштита.

### Член 3

Составен дел на оваа Одлука е Графичкиот приказ на спомен-обележјето.

## Член 4

За следење на извршувањето на оваа Одлука се формира Одбор за подигнување спомен-обележје заради одбележување на 75-годишнината од Победата над фашизмот во Втората светска војна, на почетокот на улица „9 Мај", во следниов состав:

1. Петар Милетиќ,
2. Саша Богдановиќ,
3. Ѓорѓи Ивановски и
4. Виктор Диаков.

## Член 5

Примерок од Одлуката да се достави до Амбасадата на Руската Федерација и членовите на Одборот.

## Член 6

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1964/12
4.5.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за преместување на скулптурата „Портрет на Крсте Петков Мисирков"**

Се објавува Одлуката за давање согласност за преместување на скулптурата „Портрет на Крсте Петков Мисирков",

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година.

Бр. 09-1964/15
4.5.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 19 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележја („Службен весник на РМ" бр. 66/04; 89/08 и 152/15) и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност за преместување на скулптурата „Портрет на Крсте Петков Мисирков"

### Член 1

Општина Центар-Скопје ја прифаќа Иницијативата за преместување на скулптурата „Портрет на Крсте Петков Мисирков".

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за преместување на скулптурата „Портрет на Крсте Петков Мисирков" од сегашната локација на Плоштад Пела пред свечениот влез на Македонската академија на науките и уметностите.

### Член 2

Обврската за преместување на скулптурата од член 1 на оваа Одлука, како и трошоците за нејзиното преместување ќе ги покрие Македонската академија на науките и уметностите.

Обврската за чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на скулптурата ја презема Македонската академија на науките и уметностите.

### Член 3

Примерок од Одлуката да се достави до Македонската академија на науките и уметностите.

### Член 4

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1964/14
4.5.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација од СИТИ ЦЕНТРАЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ, дооел Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од СИТИ ЦЕНТРАЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ, дооел Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година.

Бр. 09-1964/17
4.5.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од СИТИ ЦЕНТРАЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ, дооел Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата од СИТИ ЦЕНТРАЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ, дооел Скопје.
Донацијата се состои од уредување на простор со парково зеленило во централното градско подрачје на подрачјето на Општина Центар-Скопје, кое претставува дел од КП 10479/1, Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да го потпише Договорот за донација за уредување на просторот со парково зеленило во централното градско подрачје наведена во член 1 од оваа Одлука.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е Графичкиот приказ за уредување на просторот со парково зеленило.

**Член 4**

Примерок од Одлуката да се достави до СИТИ ЦЕНТРАЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ дооел Скопје.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1964/16
4.5.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот**

Се објавува Заклучокот,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година.

Бр. 09-1964/19
4.5.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година, по претресот и одлучувањето по Одлуката за прифаќање донација од СИТИ ЦЕНТРАЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ, дооел Скопје, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. На давателот на донацијата СИТИ ЦЕНТРАЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ, дооел Скопје, му се предлага висината на предвидената жардинера што ќе го оградува парковото зеленило да изнесува 60 см согласно определените стандарди и нормативи.

2. Овој Заклучок да се достави до СИТИ ЦЕНТРАЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ, дооел Скопје.

3. Заклучокот стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1964/18<br>4.5.2020 година<br>С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје<br>Претседател<br>Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/52 од 13.3.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за период октомври-декември 2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/52 од 13.3.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за период октомври-декември 2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година.

Бр. 09-1964/21
4.5.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/52 од 13.3.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за период октомври-декември 2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/52 од 13.3.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за период октомври-декември 2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1964/20
4.5.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката бр. 02-17/55 од 13.3.2020 година за усвојување на Годишниот извештај за работењето во 2019 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со финансиски извештај (за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година), донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката бр. 02-17/55 од 13.3.2020 година за усвојување на Годишниот извештај за работењето во 2019 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со финансиски извештај (за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година), донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година.

Бр. 09-1964/23
4.5.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96; 09/97; 06/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15 и 39/16) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/55 од 13.3.2020 година за усвојување на Годишниот извештај за работењето во 2019 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, со финансиски извештај (за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година), донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/55 од 13.3.2020 година за усвојување на Годишниот извештај за работењето во 2019 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, со финансиски извештај (за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година), донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1964/22
4.5.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/58 од 13.3.2020 година за усвојување на Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/58 од 13.3.2020 година за усвојување на Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година.

Бр. 09-1964/25
4.5.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96; 09/97; 06/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15 и 39/16) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 4.5.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/58 од 13.3.2020 година за усвојување на Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/58 од 13.3.2020 година за усвојување на Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1964/24
4.5.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Градоначалникот на Општина Центар – Скопје, со седиште на ул.Михаил Цоков бр. 1, согласно член 84 од Законот за општата управна постапка, ја издава следната:

**ЈАВНА ОБЈАВА ЗА ДОСТАВА НА ПИСМЕНО ИЗВЕСТУВАЊЕ**

1. На странките: Мирјана Николова - ул. „Владимир Комаров“ бр. 1А/3/28 – Скопје и Оливера Трифуновска - ул. „Волградска“ бр.2/3/6 – Скопје, се врши јавна достава на известување како непосредни соседи со Уп1 бр. 27-500/2019 од 24.02.2020 година донесено од Општина Центар - Скопје за издадено Одобрение за градење со Уп1 бр. 27-500/2019 од 21.02.2020 год. за објект од втора категорија со намена А2 - Домување во станбени згради на ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 9 - Скопје, на КП 535, КО Центар 2, Скопје согласно г.п. 29.2 од ДУП: Детален урбанистички план ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј07 Локалитети: Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара со Одлука бр.: 07-4414/4 од 18.07.2014 година, на инвеститорите Друштво за градежништво, трговија и услуги АЛЕКСАНДЕР ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. „Никола Карев“ бр.22 - Скопје, Трговско друштво за производство, проектирање и инженеринг ВАРДАРГРАДБА ДОО с.Трубарево-Скопје, со седиште на ул. „1“ бр. 2А Трубарево – Скопје, Друштво за трговија и услуги Теос Инвест ДООЕЛ Скопје, со седиште на Ул. Мирче Ацев бр. 3-2/14 – Скопје, Наце Штерјовски со живеалиште на Ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 9 – Скопје и Елена Димеска, со живеалиште на ул. „Ѓорѓи Капчев“ бр. 8 – Скопје.

2. Се повикуват странките: Мирјана Николова - ул. „Владимир Комаров“ бр. 1А/3/28 – Скопје и Оливера Трифуновска - ул. „Волградска“ бр.2/3/6 – Скопје, во рок од 10 (десет) дена сметано од последното објавување во Службениот гласник на Општина Центар - Скопје, да се јават во службеното седиште на Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, со цел да се направи увид во проектна документација согласно известување означено во точка 1 од Јавната објава.

3. Се предупредуваат странките: Мирјана Николова - ул. „Владимир Комаров“ бр. 1А/3/28 – Скопје и Оливера Трифуновска - ул. „Волградска“ бр.2/3/6 – Скопје, дека ваквиот начин на достава се смета за уредна достава и дека негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Скопје, 15.04.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Саша Богдановиќ**

Градоначалникот на Општина Центар – Скопје, со седиште на ул.Михаил Цоков бр. 1, согласно член 84 од Законот за општата управна постапка, ја издава следната:

**ЈАВНА ОБЈАВА ЗА ДОСТАВА НА ПИСМЕНО ИЗВЕСТУВАЊЕ**

1. На странките: Василије Лепчевски - ул. „Васил Главинов“ бр. 10/3/2 – Скопје; ДГИТ СМИТ ДООЕЛ УВОЗ – ИЗВОЗ СКОПЈЕ - ул. „Доситеј Обрадовиќ“ бр.1 – Скопје; Маја Чемерикиќ – ул. „Чедомир Миндеровиќ“ бр 20 – Скопје; Коста Начевски – ул. „Хо Ши Мин“ бр. 237 – Скопје; Зоја Цунов – ул. „Водњанска“ бр. 80А – Скопје; Љупчо Маневски – ул. „Железничка“ бр. 8/2/17 - Скопје, се врши јавна достава на известување како непосредни соседи со Уп1 бр. 27-1 од 09.03.2020 година донесено од Општина Центар - Скопје за издадено Одобрение за градење со Уп1 бр. 27-1 од 04.03.2020 год. за објект од втора категорија со намена А1 - Домување во станбени куќи на ул. „Антон Панов“ бр. 3А, на КП 1019/1 и КП 1019/3, КО Центар 2, Скопје согласно г.п. 23.25 од ДУП: Детален урбанистички план ГРАДСКА ЧЕТВРТ З07 Локалитети: Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара со Одлука бр.: 07-4414/4 од 18.07.2014 година, на инвеститорот Друштво за градежништво, трговија и услуги „ГРЕС КЕРАМИКА“ ДООЕЛ с. Кондово – Конодово од Кондово - Скопје, со седиште во Кондово - Скопје.

2. Се повикуваат странките: Василије Лепчевски - ул. „Васил Главинов“ бр. 10/3/2 – Скопје; ДГИТ СМИТ ДООЕЛ УВОЗ – ИЗВОЗ СКОПЈЕ - ул. „Доситеј Обрадовиќ“ бр.1 – Скопје; Маја Чемерикиќ – ул. „Чедомир Миндеровиќ“ бр 20 – Скопје; Коста Начевски – ул. „Хо Ши Мин“ бр. 237 – Скопје; Зоја Цунов – ул. „Водњанска“ бр. 80А – Скопје; Љупчо Маневски – ул. „Железничка“ бр. 8/2/17 - Скопје, во рок од 10 (десет) дена сметано од последното објавување во Службениот гласник на Општина Центар - Скопје, да се јават во службеното седиште на Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, со цел да се направи увид во проектна документација согласно известување означено во точка 1 од Јавната објава.

3. Се предупредуваат странките: Василије Лепчевски - ул. „Васил Главинов“ бр. 10/3/2 – Скопје; ДГИТ СМИТ ДООЕЛ УВОЗ – ИЗВОЗ СКОПЈЕ - ул. „Доситеј Обрадовиќ“ бр.1 – Скопје; Маја Чемерикиќ – ул. „Чедомир Миндеровиќ“ бр 20 – Скопје; Коста Начевски – ул. „Хо Ши Мин“ бр. 237 – Скопје; Зоја Цунов – ул. „Водњанска“ бр. 80А – Скопје; Љупчо Маневски – ул. „Железничка“ бр. 8/2/17 - Скопје, дека ваквиот начин на достава се смета за уредна достава и дека негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Скопје, 22.04.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Саша Богдановиќ**